Стопанска комора на Македонија Мапа Контакт




**-Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори-**
22.08.2012.

До

Министерство за животна средина
и просторно планирање
Скопје

**Предмет: Барање појаснување во однос на дозволи за управување со секундарни отпадни суровини**

Согласно сознанијата на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори при Стопанската комора на Македонија, на голем дел од стопанските субјекти кои се занимаваат со дејноста управување со секундарни отпадни суровини, важноста на дозволите за трговија, транспорт и складирање на неопасен отпад им истекува во текот на следните неколку месеци, поточно во периодот од септември оваа година до јануари наредната година.

Во услови кога се уште не се донесени измените и дополнувањата на Законот за управување со отпад, како и подзаконските акти на овој закон, останува отворено прашањето дали стопанските субјекти барањата за продолжување на дозволите да ги поднесат согласно постојната законска регулатива. Во овој случај, согласно обврската за услогласување со условите предвидени во претстојните измени на законската регулатива, би се создало дополнително оптоварување, од финансиски и временски аспект.

Како можно решение, членките на Асоцијацијата предлагаат да се донесе одлука со која би се продолжила важноста на постојните дозволи за трговија, транспорт и складирање на неопасен отпад за период од 5 месеци, кој цениме дека е опитимален за реализирање на постапката согласно новата законска регулатива.

Со оглед дека станува збор за куси рокови за реализација на оваа законска обврска, би Ви биле благодарни доколку не` информирате за Вашиот став во што е можно покус рок.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

Претседател,
Владо Момировски с.р.

Копие: Директор на Управата за животна средина